**ЗАПИСНИК**
**од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 30.05.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, Александар Џуваревиќ, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 23 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски објасни дека по објавување на Предлог-дневниот ред за 23-та седница, до членовите на Советот испратен е материјал за измена на Деловникот за работа на Агенцијата поради усогласување на печатите на Агенцијата со новите законски прописи донесени оваа година, а кои се во согласност со новото официјално име на државата. Во таа насока рече дека точката би ја ставил под Разно и не би го менувал Предлог-дневниот ред, се разбира доколку се согласат членовите на Советот, за да не се прават нови записи во архивата.

Г-дин Трајчевски за точката под Разно објасни дека треба да се дискутира за материјалите кои се добија дополнително, кои се коригирани поради техничка грешка.

Г-дин Петрушевски во врска со дополнителниот материјал за измена на Деловникот кој е доставен и во хартиена форма објасни дека се работи за мала измена бидејќи имаше грешка во преводот на зборот „Агенција“ кој беше погрешно напишан на албански јазик, бидејќи недостигаше една буква.

Советот на Агенцијата, со дополнување на дневниот ред под Точка Разно, едногласно, со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.05.2019 година.
2. Предлог-решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на Љеонит Мусаи од

с.Франгово, Струга и Друштвото за аудио и видео продукција ЛЕДИ ПРОДУЦТИОН ДООЕЛ Струга (Подружница ДИАСПОРА ФОЛК Струга).

3. Предлог за изрекување мерка-јавна опомена на ТРД Радио Би-Ки-Ал од Битола, поради прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми.
4. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Систематски прегледи.
5. Предлог-одлука за исплата на помош за подолготрајно боледување и лечење.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев го усвои предложениот Записник од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.05.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на Љеонит Мусаи од с.Франгово, Струга и Друштвото за аудио и видео продукција ЛЕДИ ПРОДУЦТИОН ДООЕЛ Струга (Подружница ДИАСПОРА ФОЛК Струга). Објасни дека наведената продукција и лице документацијата која ја доставија беше неуредна и истите документи се составен дел од материјалот. Од страна на службата побарано е да ги отстрани недостатоците согласно ЗААВМУ и Законот за управна постапка, но во утврдените рокови нема достава на корекција на документите согласно начелата на законите за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс. Од таа причина се предлага Советот да донесе Решение за отфрлање на Барањето на наведените субјекти. Посочи дека доколку се потребни детали околу тоа кои делови од законските обврски не се исполнети, објаснување може да добијат од раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар.

Г-дин Петрушевски рече дека ги прочитал материјалите и забележал дека навистина многу пропусти направиле двајцата кандидати. Очигледно е дека немало време тие да се поправат, но не е страшно, сега ги знаат пропустите и следниот пат доколку конкурираат и не направат грешки нема никаква законска основа Советот да го одбие барањето. Сега предлогот е да се одбие барањето поради термините и поради тоа што направиле многу грешки и не стасале да комплетираат и достават уредна документација. Тоа е неговиот став.

Г-дин Фетаи рече дека начелно е добро што има заинтересирани кои сакаат да инвестираат во телевизија што покажува дека е рентабилен медиумскиот пазар кај нас. Нормално е дека ја користат законската можност да конкурираат за телевизија која ќе се емитува преку кабелски оператор. Се разбира, ако не ги исполнуваат условите Советот не може да го прекрши Законот и сето тоа што е предвидено во стандардите. Во таа насока рече дека сепак имаат правото за еден месец или два или пак утре малку посериозно да ги спремат документите па да аплицираат повторно.

Смета дека ова отфрлање на барањето не му го зема правото на повторно конкурирање, освен што повторно ќе се помачи Стручната служба и Советот со нова хартија, нова анализа, нова одлука. Нормално е дека сега Советот мора така да постапи, бидејќи нема простор поинаку да одлучи. Не може да каже дека го прифаќа барањето и ќе им додели дозвола на кандидатите кои не ги исполнуваат условите и стандардите кои се предвидени во таа насока. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот за отфрлање на барањето.

Г-дин Фиданоски рече дека се согласува дека треба да се отфрли поднесеното Барање. Како продолжение на дискусијата на г-дин Фетаи, рече дека е добро што има заинтересирани за отворање на нов радиодифузер како субјект. Ова таканаречено непознавање на аплицирањето од формално-правен карактер се надоместува, бидејќи сега погрешил но следниот пат можеби нема тоа да го стори. Следниот пат кандидатите кои аплицираа ќе се подготват подобро, доколку треба ќе повикаат и експертска помош. Смета дека доколку сега кандидатите пронашле сметка во функционирањето пред да го поднесат Барањето за телевизија на локално ниво, претпоставува дека ќе се јават повторно.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на Љеонит Мусаи од с.Франгово, Струга и Друштвото за аудио и видео продукција ЛЕДИ ПРОДУЦТИОН ДООЕЛ Струга (Подружница ДИАСПОРА ФОЛК Струга), Уп1 бр.08-207 од 28.05.2019 година, поради тоа што истото е нецелосно и нејасно, односно не е уредно пополнето и не ги содржи сите податоци кои се предвидени во член 76 ставови 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Решението да се достави до Љеонит Мусаи од с.Франгово, Струга и Друштвото за аудио и видео продукција ЛЕДИ ПРОДУЦТИОН ДООЕЛ Струга (Подружница ДИАСПОРА ФОЛК Струга).

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето на кандидатите им порача да не се откажуваат, да бидат упорни и следниот пат да доставаат уредна апликација.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка-јавна опомена на ТРД Радио Би-Ки-Ал од Битола, поради прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми. Објасни дека ваков случај за друг радиодифузер имаше и на претходната седница, односно прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми. Наведениот радиодифузер до Агенцијата во утврдениот законски рок нема доставено податоци за 2018 година за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година. Од таа причина се предлага Советот да изрече јавна опомена.

Г-дин Петрушевски рече дека изминатите седници имаше вакво прекршување и за сите имаше ист епилог.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.03-2356/1 од 22.04.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година), му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 15 став 1 од Законот за медиуми.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена, да изврши контролен надзор со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Вишиот соработник во Службата за јавни набавки Александар Џуваревиќ ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: Систематски прегледи. Објасни дека оваа обврска произлегува од Законот за безбедност и здравје при работа. Услугата е предвидена во Планот за јавни набавки за 2019 година со проценета вредност од 300.000,00 денари.

Г-дин Петрушевски додаде дека оваа набавка се спроведува на секои две години.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Систематски прегледи.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Систематски прегледи е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 5**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-одлуката за исплата на помош за подолготрајно боледување и лечење, рече дека е наменета за вработен во Агенцијата кој беше повреден во сообраќајната несреќа во автобусот кој одеше на релација Скопје-Тетово.

Г-дин Трајчевски објасни дека ова е пракса да во вакви ситуации се помогне во рамките на финансиските можности на Агенцијата. Висината на износот е иста како и за доделените средства за претходните случаеви. Последната исплата на помош за подолготрајно боледување и лечење беше за вработен кој беше удрен од автомобил. Посочи дека со ваквата постапка малку ќе се помогне во несаканата ситуацијата.

Г-дин Ајдини рече, бидејќи има законска можност и исто така и потреба за понатамошно лечење и боледување на вработениот, ќе се солидаризира и ќе даде согласност да му се доделат финансиски средства.

Г-дин Фетаи рече дека ја одобрува оваа социјална димензија која регулаторот ја негува да им излезе во пресрет на потребите на вработените кои се на подолготрајно боледување. Добро е што во вакви посебни моменти и ситуации во кои се доведува човек без негова желба, се доделува финансиска помош како и за претходните случаи така и за овој и тоа го поздравува. Посака во иднина никој повеќе да нема потреба да ја искористат оваа можност. Рече дека е добро што во ваква ситуација помагаат да се ублажи тешката состојба а за конкретниот случај рече дека е добро што вработениот се спасил и останал жив во таа голгота која зема многу животи. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот на директорот.

Г-дин Петрушевски рече дека се надева дека овие средства ќе му помогнат за подобра здравствена нега.

Советот на Агенцијата го разгледа Барањето за одобрување на исплата на помош за подолготрајно боледување бр.05-2644/1 од 09.05.2019 година и даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука за исплата на еднократна солидарна помош на работникот, Соработник за односи со јавност во Одделението за поддршка на работата на директорот и односи со јавност, при Секторот за поддршка на работата на директорот и Советот, за подолготрајно боледување и лечење врз основа на здравствена документација.

Средствата се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година.

Г-дин Петрушевски по гласањето, на вработениот му посака многу здравје и уште многу години успешно да работи во Агенцијата.

**Точка 6**

**Разно**

Г-дин Петрушевски во врска со предложените измени на Деловникот, на членовите на Советот им посочи во текот на образложувањето на точката да го гледаат коригираниот материјал кој е доставен во хартиена форма.

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар го образложи Предлог-деловникот за изменување на Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека измената се прави поради потреба да се изврши измена на печатот и штембилите на Агенцијата, а во врска со Одлуката за прогласување на амандманите со кои се промени името на државата. Објасни дека во постојниот Деловник имаше еден округли печат и еден штембил. Сега има еден округли печат и два штембили и тоа на соодветен начин требаше да се преточи во Деловникот. Тоа е направено и доставено во материјалите како предлог.

Техничката грешка беше во албанскиот назив на зборот „Агенција“ бидејќи таков беше отисокот на печатот, кој сега е правилно напишан.

Г-дин Трајчевски објасни дека за техничката грешка која е констатирана е веќе известена фирмата која ги изработила печатите и денес до крајот на денот или најдоцна во текот на утрешниот ден ќе бидат доставени во Агенцијата без техничка грешка. Исто така и на таблата за називот на Агенцијата на албански јазик имаше техничка грешка која во најбрз можен рок ќе биде коригирана, но ова не се однесува на гласањето на Советот.

Г-дин Фетаи рече дека оваа измена е од суштинско значење и произлегува од самата промена на Уставот на Република Северна Македонија. Од тука по сила на Закон и на Уставот оваа измена се прави. Во поглед на имплементација на јазикот кој го зборуваат 20%, односно Албанскиот јазик исто така има законска обврска и добро е што се поправи оваа грешка бидејќи набрзо ќе стапи на сила функционирањето на инспекторатот кој ќе ја следи правичната и правилната употреба на јазиците, во конкретниот случај на албанскиот јазик. Можни се последици врз раководителите и Директорот во смисла на санкциите кои се предвидени. Во поглед на имплементација на албанскиот јазик во институциите тоа е наведено во самиот Закон, кај Агенцијата ќе се повлечат дополнителни трошоци или капацитети во смисла тоа што го имаше и до сега, во преводите на таблата за називот на Агенцијата. Во таа насока би сакал навистина и добро е што сериозно постапуваат кон тоа прашање и да ја реализираат оваа Законска обврска. Во иднина еволутивно ќе треба да внимаваат и да дојдат до тоа што е предвидено и со Уставот и со Законите во таа насока. Уште еднаш повтори дека е добро што грешката е исправена. Објасни дека му е пријател директорот на Агенцијата за имплементација на јазиците и тој е во координација со сето тоа што се случува со називите. Наведе дека ќе биде во тек и доколку е потребен во одреден момент како во овој случај за превод, предложи да го контактираат и колегијално да допринесе за реализација со тоа што законски е предвидено.

Г-дин Фиданоски рече дека според него оваа материја не е толку формално правна иако самиот чин е можеби формален. Сепак се работи за предлог за измена за Деловник за прашање коешто од доменот на работа на Советот е малку посуштинско. Лично смета дека можеби требаше оваа точка да биде посебна а не да оди под Точка Разно. Не е спорно дека станува збор за усогласување со уставна и законска материја којашто мора да се направи согласно и Законот за јазици. Во предлог-измената се вели: „Со Акт донесен од директорот на Агенцијата се уредува начин на употреба на печатот и штембилите и се определуваат лицата кој со нив ракуваат и ги чуваат“. Побара информација за временската рамка кога ова ќе биде функционално, затоа што без тоа, тие не можат да се стават во употреба.

Г-дин Трајчевски одговори дека тоа ќе се случи најбрзо што може. Прво треба да се добие печатот. Печатот го имаше Агенцијата но да не беше згрешен ќе се започнеше од 1 јуни. Сега не би ветувал датум бидејќи зависи од тоа кога ќе се добие коригираниот печат. Најверојатно рече дека тоа ќе се случи во текот на следната недела.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Деловник за изменување на Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Измената се прави поради потребата да биде извршена измена на печатот и штембилите на Агенцијата, имајќи ги предвид Уставните измени утврдени во

Амандманот XXXIII, од Одлуката за прогласување на Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/19), согласно кој зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Се задолжи Секторот за правни работи да изработи пречистен текст на Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Донесениот Деловник да се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр.02-2921/7**
**05.06.2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**